Д-р Цане МОЈАНОСКИ

# ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПРОЦЕСОТ НА СТЕКНУВАЊЕТО НА ОПШТЕСТВЕНАТА МОЌ

Расправата за стекнувањето на општествената моќ на политичките партии во Република Македонија ќе ја разгледаме низ призмата на појавата и етаблирањето на политичките партии во Република Македонија. При тоа ќе укажеме на некои основни карактеристики на таквиот развој.

1. Доколку се обидеме да ја лоцираме партиската родокрајност, тогаш несомнено би се повикале на Макс Вебер. Имено, според него, "вистинската татковина на класите се наоѓа во областа на економскиот поредок", на "сталежите е во областа на општествениот поредок, т.е во сферата на расподелбата на угледот - од каде и класите и сталежите влијаат на правниот поредок и тие повторно го трпат нивното влијание - додека партиите, пред сѐ, егзистираат во сферата на моќта". (Ѓуриќ,М., 1987, стр. 357). Но, според Вебер, делувањето на партиите се ориентира, пред сѐ, на здобивање на општествената моќ. Тоа значи "дека тие влијаат на заедничкото дејствување без разлика каква е неговата содржина". И не само тоа, нивното дејствување "е насочено кон некоја цел кон која се тежи плански". Доколку се обидеме да ја определиме, тогаш таа би била, да речеме остварувањето на програма заради идеални или материјални цели, или нешто лично, да речеме обезбедувањето на приходите и моќта а врз основа на тоа и угледот за водачите и симпатизерите на партиите. Обично целта на секоја партија е едното и другото. (Исто, стр. 357).

Врз основа на ова можеме да констатираме дека станува збор за субјекти чија промоција е врзана за моќта. Тие како и митскиот феникс никнуваат, дејствуваат и згаснуваат низ непрестајното стекнување на моќта. Но, дали политичките партии би можеле да ги набљудуваме како субјекти што егзистираат во видното поле на моќта. Секој поедноставен одговор е нецелосен и недоволен. Тие, можат да се декларираат и дејствуваат само на подрачјето на моќта и тоа институционализирана преку власта, не само заради тоа што тие се дефинира-

ат како групации чија што основна задача е да се залагаат за освојување или за потрајно влијание врз власта. Значи, една од целите на нивното дејствување е власта.

2. Доколку погледнеме на појавата, начинот на конституирањето и промовирањето на политичките партии во Република Македонија во периодот на појавата и настанокот на политичките партии тогаш би можеле да воочиме, дека тие се појавија како одговор на еднопартискиот монопол и политичката доминација, како израз на потребата од прераспределба на општествената моќ.

Погледот низ аналите на настаните на тој период ќе забележи дека на почеток од 1990 година, во јануари месец, се појавуваат иницијативи за рехабилитација на одделни политички противници на еднопартискиот монопол. Почетокот на деведесеттата за многумина оставаше впечаток дека Република Македонија е една од „уплашените републики", и заедно со уште неколку беше категоризирана во конзервативните" средини и неприемчива за новите идеи за промени. Процесот на демократизација и политичка плурализација ја зафати и македонската средина, на почетокот срмежливо, инцидентно и внимателно. Тој процес не течеше непречено, туку напротив, „беше оспоруван и забавуван од актуелниот административен државен апарат и владеачката партија", кој во текот на 1989 година се колебаше да го прифати партискиот плурализам како императив на времето и потребите на граѓаните. Тогаш се нудеа „сурогат решенија кои не ја доведуваа во прашање монополската позиција на државната партија". Тоа беше период кога се лансираше идејата за „непартиски плурализам", кој што од Ламентович (Lamentowicz) го беше нарекол „куц" плурализам. Карактеристично е дека овој вид плурализам го „прифаќа постоењето на легално организирани групи на притисок кои имаат свој идентитет и се независни од државната партија", (Јовевска. А., 1994, стр. 81). Тој беше амалгам за егзистенција на монополската улога на партијата, што значи дека не беше дозволено дејствувањето на опозиционите партии како „легитимна форма на политичко претставување" (Goati, V., str. 15). Во такви услови особена доследност во следењето на таквата ориентација покажуваше македонското раководство на монополската политичка партија. Таа ориентација беше победена на Десеттиот конгрес на СКМ каде „убедлива победа" ќе однесе „проектот за натамошниот развиток на Македонија како демократска граѓанска и социјална држава". (Милосавлевски, С., Европа, 1993, стр. 140). Во тој период владеачката партија ги држеше „сите важни лостови, па

можеше, најблаго речено, да го забави започнотиот процес на државата и општеството". Но, новата структура на СКМ покажа дека е „решителна во врска со радикалните промени" (Исто, стр. 146), односно дека излезот од кризата е можен само со структурни реформи, особено со развој на мешовитото стопанство, пазарната економоја и повеќепартиската демократија. Имено, процесите во земјите на источна Европа добиваа драматичен развој. Во републиките на југословенската федерација се појавија и веќе дејствуваа алтернативни облици, како директна опозиција на доминантната политичка и идеолошка политичка партија. Беше отпочнат бран на плурализација. Тој се доживуваше како процес на општа преродба, процес на излегување од монистичка идеолошка и политичка структура. Тој процес, во источноевропските земји се манифестираше и како акција за „бришење на минатото" или преку агресивни потфати, пред сè, преку рушењето на обележјата што ги потсетуваат на тој период, или преку процес на крвава пресметка со носителите на тогашниот режим. Тоа беше време на демократска ренесанса, своевидна идеолошка преродба, или поедноставено, период и години на демократско чистилиште. Во Македонија тој процес се одвиваше тивко, со иницијативи што недоволно се пробиваа или ја немаа потребната гласност. Токму затоа се случуваше одделни аналитичари да не сместуваат во конзервативните средини.

Доколку се бараат настани што особено влијаеле на политичкиот процес во Република Македонија, несомнено значајно место има Десеттиот конгрес на СКМ,кој се одржа во декември 1989 година. Тој е „пресвртна точка во поновата (најновата) политичка историја на Македонија". (Милосавлевски, С., Европа...1993, стр. 139). Со неговите одлуки, особено со победата на реформистичката струја над „догматско-конзервативната", ќе се отвори процесот на „трансформација на СКМ од политичка партија од бољшевички тип, во демократска политичка партија од социјал-демократска варијанта". Таквата нејзина трансформација во тој историски момент била „една многу важна, можеби најважна работа и за политичкиот живот во Републиката" (Исто, стр. 146).

Во почетокот на 1990 година, во Република Македонија дејствуваа шест еколошки друштва, неколку иницијативи, едно здружение за демократска алтернатива и напредок и најава за формирање на две политички партии. Таквата состојба траеше до средината на 1990 година кога дојде до вистинска „поплава" од иницијативи, и како да се ослободи „заробениот" дух на македонската алтернтивна енергија. На таквите процеси особено позитивно влијаеше поттикот што го чинеше тогаш владеачката политичка партија, која иако имаше уставна положба

на доминантен и беше единствен политички фактор, создаваше претпоставки за сопствената демисија. Во таа смисла, одлуката на Сојузот на комунистите на Македонија, да се откаже од монополската положба и да се определи за развој на политичката демократија, посебно за афирмацијата на политичкиот плурализам има далекусежно влијание, како во однос на брзината, така и во однос на начинот на трансформацијата на македонското политичко општество.

Во овој период, токму по иницијатива на политичката структура вклучена во тогаш владеачката партија, беше иницирано одложување на изборите со цел, да се создаде уставна и законска рамка за воведувањето на плуралистичката концепција за развојот на Република Македонија. На политички план беше формирана Комисијата за општествени реформи, како своевиден "политички и интелектуален детонатор" на процесот на политичката транзиција во Република Македонија. Овие процеси укажуваат дека во Република Македонија докрај е инсистирано на јакнење на свеста за законито оденсување на политичките субјекти. На политичката сцена во земјата, како резултат на поволната општествена клима, по распадот на југословенскиот Сојуз на комунистите, политичка партија која на еден или на друг начин дејствуваше како катализатор на активностите во земјата, а особено поради демократската провиниенција и ангажираност на македонското раководство, во Република Македонија се намножија иницијативите и активностите за формирање на нови политички субјекти.

Ова е време кога во Македонија се јавуваат одделни иницијативи кои своевидно зборуваат за пројавената свест за промените што така брзо се случуваа во современиот свет. Така, во почетокот на 1990 е најавена идејата за македонското еколошко движење. На општествената сцена дејствуваа еколошките друштва „Опстанок", „Вевчани", „Молика"-Битола, „Виножито"- Штип и еколошка група на РК ССРНМ. Во тој период е најавено формирање на Лига за демократија, на Социјалистичка партија а како плурални облици се јавуваат Сојуз на невработените на ОК ССММ - Куманово и Лига за заштита на човековите права и за демократска обнова на Кратово. Тие се првите плуралистички пројави се до основањето на МААК (4 Февруари 1990) и на Лигата за демократија (11 Февруари 1990), како и најавеното формирање на Социјалдемократската партија на Македонија, Демократскиот сојуз на земјоделците, политичкото здружение „Обединети Македонци" а нешто подоцна и Партијата за демократски просперитет, како политичка групација на етничките Албанци во Република Македонија.

Првиот облик на политичко организирање во Република Македонија, значи, е промовиран на 4-ти февруари 1990 година, кога на Филозофскиот факултет неколку стотици граѓани учествуваа на конститутивното собрание на Движењето за семакедонска акција МААК. Појавата на МААК беше детонаторот кој несомнено ќе влијае на ширината и брзината на политичката плурализација во Република Македонија. На тој ден во Сачево, струмичко, формиран е иницијативен одбор за формирање на Сојузот на земјоделците. Следната недела (на 11 јануари 1990), иако повеќепати беше објавувано формирањето на оваа партија, основачко собрание одржа Лигата за демоктарија.

Тоа беше почетокот на плуралистичката експлозија. „Заробениот политички дух" како да ги напушти децениските стеги и погледи кон модерниот развој. Но, несомнено, една од централните политички одлуки во овој период е онаа на тогашната владеачка политичка партија, која според Уставот го имаше идеолошкиот и политичкиот монопол, да се откаже од монополската положба и да се трансформира во Партија за демократска преобразба, односно своевиден spiritus movens што ќе влијае врз процесите на политичка трансформација на земјата. Во таа смисла своевиден :интелектуален детонатор" и „замаец" на демократските политички процеси е формирањето на Комисијата за општествени реформи при тогашниот Сојуз на комунистите. Со дејствувањето на овој форум, во општеството е забрзан процесот на „идеолошката транзиција на СКМ во една класична социјалдемократска политичка формација" (Исто, стр. 147), што несомнено влијаеше врз автономијата на процесот на демократизирањето на односите, особено „практиката на апсолутна толеранција на сите можности (на организирање)", (Исто, стр. 146), но и го забрза процесот на идеолошкото дистанцирање на одделни кадри во нови политички формации, што поблиску тендираа до комунистичката матрица. Втората значајна одлука, промените во Уставот, кој се ослободи од идеолошките премиси, го укина идеолошкиот и политичкиот монопол, го промовира граѓанинот, ја промовира слободата на политичко здружување, се определи за развој на претприемништвото и приватната сопственост. Таквите состојби условија во земјата да се појават мноштво политички партии.

3. Во современиот политички процес, особено во процесите на политичката транзција во Република Македонија, политичките партии, се повеќе, се презентираат како своевиден spiritus movens. Скоро и да нема подрачје од општествениот живот во кој тие непосредно не партиципираат или пројавуваат интерес за учество. Се наметнува прашањето за егзистенцијата на една специфична сфера на човековото дејствување, партосферата.

Доколку како појдовно стојалиште за правната природа на политичките партии го земеме нивниот, како што истакнуваат некои автори (Шкариќ, Мирчев, Митровиќ и др.) двоен карактер, тие се "од една страна приватно здружение а од друга, државен орган со јавни овластувања" (Шкариќ, 1995, стр. 264). Имено, според ова објаснување политичката партија е здружение на граѓани затоа што во неа граѓаните доброволно се здружуваат за на поедноставен начин да ги реализираат своите погледи, интереси, а особено што таа може да се појави како ефикасен лост за остварување на определени материјални интереси. Но, исто така, политичките партии се институции што имаат функции во изборниот процес, особено преку истакнувањето на кандидати, организирањето на изборната кампања и особено преку афирмацијата на сопствената изборна програма, освојувањето на парламентарното мнозинство и со помош на полугите на државната власт можност да влијаат на односите во општеството.

Значи, политичките партии претставуваат не само "суштински дел на демократската политичка структура на модерните општества, туку и легитимирачки елемент ("политички плурализам") на парламентарната демократија и систем". (Мирчев, Д.,1998,стр. 438). Токму затоа, политичката партија ја определивме како реалтивно трајна доброволна организација на поединци и групи создадена за остварување на општите цели и интереси дефинирани во политичката програма, со воспоставени односи и организиран политички живот дефинирани во статутот, но пред се, со цел да се учествува на изборите и со нивна помош да се освои, да се влијае во вршењето на државната власт (Мојаноски, Ц., 1996, стр.14-15). Токму таквата улога, особено учеството во изборниот процес значи дека политичката партија врши определени државни функции. Тие се јавуваат како "посредувачи меѓу бирачкото тело и парламентот и на тој начин стануваат суштествен фактор во распределбата на политичката власт" (Този, Ѓ., 1994, стр.38). За да можат ефикасно да ја остварат својата функција на активен учесник, политичките партии формираат парламентарни групи. Тие имаат задача да посредуваат во реализацијата на партиските интереси, особено во имплементацијата на партиската програма како државна програма. Тие вршат посебно значајно влијание, во предлагањето на членови на парламентарните комисии и анкетните одбори, предлагаат точки на дневен ред и учествуваат во утврдувањето и водењето на политиката на земјата. Во тој поглед политичките партии се "и како институции и како социјални групи, и, како можеби највлијателни групи се највлијателните учесници во поделбата на политичката моќ во општеството". (Мирчев, Д. 1998, стр. 438).

Во однос на определувањето на функциите на политичките партии постојат мноштво поделби. Тие се поврзуваат со политизацијата на бирачкото тело, со поттикнувачката улога во процесот на донесувањето на одлуките и слични определби. Но, кога станува збор за функциите на политичките партии во општеството, обично се набројуваат и следните: а) утврдување и оформување на волјата на избирачкото тело, б) селекција и дисциплинирање на избраните претставници и в) обучување на избирачкото тело и негово информирање за состојбите (Шкариќ, исто, стр. 265). Во таа смисла е воспитната функција на политичките партии. Таа го опфаќа поттикнувањето на бирачите за "надминување на нивните одделни преокупации и нивното свртување кон протребите на целината на општеството на кое му припаѓаат. Секоја политика и секоја програма претпоставуваат избор, значи и жртвите кои мораат да ги прифат бирачите. Улогата на партијата е да ги потсетува граѓаните на тие барања" (Марковиќ, Р. 1995, стр.307).

4. Но посебно внимание заслужуваат оние истражувања што тврдат дека политичките партии: а) вршат регрутирање и селектирање на кадровскиот состав на државниот апарат, б) создаваат владина програма за управување со општеството, г) вршат контрола и координација на државните органи, д) глобализација на поединечните барања и интереси на избирачкото тело во определна идеологија, ѓ) социјализација и општествена интеграција на избирачите како одделни индивидуи и е) оспособување на постојниот и изградба на нов систем со демократски методи (Шкариќ, исто, стр. 267).

Доколку се обидеме да ги образложиме функциите на политичките партии, тие би се свеле на потребата од обновата на државниот апарат со нови кадри "кои во себе носат нови визии за општествениот развој", но исто така таквата нивна функција им обезбедува на "постојниот политички систем да преживее и да се адаптира на новите потреби" (исто, стр. 267). Таквата функција на политичките партии Жорж Лаво ја определил како замена на постојната политика со нова политика.

Изборите и изборниот резултат како основа за легитимирање на власта е претпоставка за формирање на владината програма, како инструмент за преобразба на општеството согласно програмската проекција. Поради тоа, е значајно набљудувањето на работата и дејствувањето на политичките партии, како и поради можноста таа да ги дисциплинира избраните пратеници,така и поради можноста за одржување на врски меѓу избраните функционери и избирачкото тело. Изборниот резултат е најдобриот показател за општествената моќ и влијание на политичките партии.

Ако ги погледнеме изборните резултати од досегашните парламентарни избори во Република Македонија, тогаш ќе воочиме дека во изминатите години доминираат неколку политички субјекти со нагласено влијание, а се диференцираат и неколку субјекти со видливо учество. Имено, првите повеќепатиски парламентарни избори во Македонија се одржаа на 11.XI 1990 година. На нив учествуваа 18 политички партии со 1.115 кандидати. На избирачките ливчиња се наоѓаа и заеднички кандидати на одреден број политички партии (СКМ-ПДП, ЛД, НПМ, ДС-ПЗ, СЈ, РП, РЗПМ, МААК, ВМРО - ДПМНЕ, СРСМ, МДСМ, СПМ, ПЦЕР; ПДП-НДП и ДСТ), едно здружение (Сојузот на пензионерите на Битола) и 43 независни кандидати. На изборите во 120 изборни единици беа регистрирани 1.339.021 граѓани со право на глас. Во првиот круг на изборите вкупно гласале 1.135.728 или 84,82% избирачи.

Специфичностите на изборните резултати од првите повеќепартиски избори во Република Македонија се прикажани во Табела бр.1.

***Табела бр.1*** Пратеници во Собранието на Р.Македонија, според политичката партија и бројот на гласовите:

| **Политичка партија** | **Прв круг** | **Втор круг** | **Пратеници** |
|---|---|---|---|
| СДПМ | 16.972 | 1.656 | - |
| ЛД | 13.097 | 2.707 | - |
| МААК | 42.926 | 8.803 | - |
| ПДП | 165.388 | 58.046 | 17 |
| ДС-ПЗ | 13.230 | 4.829 | - |
| НПМ | 26.151 | 4.806 | - |
| СКМ-ПДП | 234.369 | 220.748 | 31 |
| СЈ во СРМ | 16.898 | 13.331 | 2 |
| НДП | 4.597 | 4.105 | 1 |
| ВМРО-ДПМНЕ | 154.101 | 238.367 | 38 |
| РПМ | 31.591 | 2.923 | - |
| РЗПМ | 1.896 | 726 | - |
| СРСМ | 142.564 | 128.449 | 11 |
| ПЦЕР | 2.359 | 0 | - |
| СПМ | 77.123 | 38.893 | 4 |
| ДСТ | 3.384 | 0 | - |

| Политичка партија | Прв круг | Втор круг | Пратеници |
|---|---|---|---|
| Независни | 18.157 | 12.769 | 3 |
| Сојуз на пензинери | 428 | 0 | - |
| МААК-ВМРО-ДПМНЕ | 1.689 | 0 | - |
| СРСМ-МДСМ | 32.799 | 31.236 | 6 |
| СПМ-ПЦЕР | 3.757 | 3.961 | 1 |
| ПДП-НДП | 62.628 | 13.326 | 5 |
| СПМ-СРСМ-МДСМ | 5.960 | 7.061 | 1 |
| СРСМ-МДСМ-СДПМ | 732 | 0 | - |
| | 1.072.796 | 796.742 | 120 |

*(Според Билтенот бр. 20 на Републичката изборна комисија од 27.XII 1990 година)*

Според изборните резултати, најмногу пратенички места (38) освои ВМРО-ДПМНЕ, седум помалку доби тогашниот СКМ-ПДП (31), ПДП - 22, Сојузот на реформските сили и Младата демократска прогресивна странка обезбедија 18 пратенички места, четири - социјалистите, двајца пратеници беа избрани од редовите на НДП и од ПЦЕРМ и тројца независни кандидати.

Вторите повеќепартиски парламентарни избори се одржаа на 16.X 1994 година.

***Табела бр.2*** *Пратеници во Собранието на Р.Македонија според политичката партија и бројот на гласовите*

| Партија | Прв круг | Втор круг | Пратеници |
|---|---|---|---|
| СМ | 291.695 | 329.700 | 87 |
| ВМРО-ДПМНЕ | 141.494 | 32.838 | - |
| ДП | 108.872 | 30.928 | - |
| ПДП | 87.103 | 93.407 | 10 |
| ПЦЕР | 6.530 | 4.447 | 1 |
| ДПМ | 14.423 | 6.434 | 1 |
| ЛП | 15.806 | 21.362 | 5 |
| НДП | 29.361 | 25.007 | 4 |
| СДПМ | 12.055 | 2.254 | 1 |

| Партија | Прв круг | Втор круг | Пратеници |
|---|---|---|---|
| СДСМ | 4.182 | 4.635 | 1 |
| СПМ | 6.612 | 5.632 | 1 |
| ДПТ-ПДА(ип) | 3.467 | 4.681 | 1 |
| СДСМ-ЛП | 3.945 | 5.674 | 1 |
| Независен | 136.511 | 95.418 | 7 |
| Вкупно | 862.056 | 662.417 | 120 |
| Други партии | 127.067 | 17.364 | - |
| Вкупно гласале | 989.123 | 679.781 | |

*(Според Билтенот на Републичката (државна) комисија "Конечни резултати од изборите за пратеници во Собранието на Република Македонија", декември 1994 година)*

Во Општиот избирачки список, во 120 изборни единици беа регистрирани 1.360.729 избирачи. На овие избори се гласаше за 1.765 кандидати од кои 1.482 предложени од 38 политички партии и 283 независни кандидати.

На локалните избори 1996 година, за градоначалници учествува 28 политичики партии, 8 коалиции и 51 кандидат предложени од страна на група избирачи. Тие ги остварија следните резултати:

***Табела бр. 3*** *Преглед на избрани градоначалници*

| | Градоначалници | % |
|---|---|---|
| СДСМ | 55 | 44,72 |
| Колиција ВМРО-ДПМНЕ, ДП | 30 | 24,39 |
| СПМ | 10 | 8,13 |
| ПДП | 14 | 11,38 |
| ПДПА | 5 | 4,07 |
| ПДПА-НДП | 3 | 2,44 |
| ДПТ | 2 | 1,63 |
| ПДП-НДП | 1 | 0,81 |
| ДПСМ | 1 | 0,81 |
| ДППРМ | 1 | 0,81 |
| Независен кандидат | 1 | 0,81 |
| Вкупно | 123 | 100,00 |

Понудента табела покажува дека на локалните избори, најголем број градоначалници се избрани од редовите на СДСМ, кој во тоа време ја контролираше државната власт во земјата. Но доколку се направи детална анализа на територијалната распространетост на градоначалничките места ќе се утврди дека големите градски центри како што се Скопје, Штип, Прилеп, Охрид, Струмица и Кавадарци им припаднаа на кандидатите од опозиционите политички партии, што индиректно значеше и намалување на поддршката на граѓанството кон актуелните политички групации во земјата.

***Табела бр.4*** *Преглед на гласовите по листи за советите и советничките места*

| Носители на листи | Гласови | % | Мандати | % од мандати |
|---|---|---|---|---|
| СДСМ | 197.750 | 26,74 | 542 | 30,30 |
| СПМ | 65.352 | 8,84 | 162 | 9,06 |
| ВМРО-ДПМНЕ | 139.968 | 18,93 | 345 | 19,28 |
| ДП | 64.949 | 8,78 | 125 | 6,99 |
| ЛП | 59.353 | 8,03 | 110 | 6,15 |
| ПДП | 53.589 | 7,25 | 164 | 9,17 |
| РП | 10.831 | 1,46 | 6 | 0,4 |
| ГЛП | 1.176 | 0,16 | 1 | 0,06 |
| ПДПА | 39.804 | 5,38 | 114 | 6,37 |
| ВМРО-ДП | 12.385 | 1,67 | 5 | 0,28 |
| СКМ | 4.868 | 0,66 | 2 | 0,11 |
| ДПТ | 9.628 | 1,30 | 37 | 2,07 |
| ДПС | 4.810 | 0,65 | 10 | 0,56 |
| ПДА-вп | 2.027 | 0,27 | 3 | 0,17 |
| НДП | 7.678 | 1,04 | 23 | 1,29 |
| ДПМ | 6.833 | 0,92 | 3 | 0,17 |
| ВМРО-МНДС | 2.838 | 0,38 | 1 | 0,06 |
| ДПЦЕР | 1.084 | 0,15 | 3 | 0,17 |
| СДА-гс | 1.327 | 0,18 | 2 | 0,11 |
| СДА | 1.166 | 0,16 | 1 | 0,06 |
| ДППРМ | 5.361 | 0,72 | 11 | 0,61 |
| ВМРО-ДПМНЕ, ДП, МААК-кп | 4.139 | 0,56 | 13 | 0,73 |
| СДСМ-СПМ | 3.312 | 0,45 | 9 | 0,50 |
| НДП-ПДП | 9.100 | 1,23 | 20 | 1,12 |
| ВМРО-ДПМНЕ-МААК-кп | 7.276 | 0,98 | 24 | 1,34 |

| Носители на листи | Гласови | % | Мандати | % од мандати |
|---|---|---|---|---|
| ДПТ-ПДА-вп | 610 | 0,08 | 3 | 0,17 |
| ПДПА-НДП | 5.429 | 0,73 | 18 | 1,01 |
| НДП-ДПТ | 1.367 | 0,18 | 2 | 0,11 |
| Група избирачи | 15.501 | 2,10 | 30 | 1,68 |
| Вкупно | 739.511 | 100,00 | 1.789 | 100,00 |

*(Табелата е преземена од книгата: „Локални избори '96", стр. 147).*

На локалните избори '96-та за 1802 советнички места партиски листи поднесоа 33 политички партии, 7 коалиции и 20 листи предложени од група избирачи. Во текот на изборниот процес извршена е извесна редукција на тој начин што 23 политички партии успеаја да обезбедат 1683 или 93,39% советнички мандати, а 89 или 4,94% на седум партиски коалиции и на 13 групи на избирачи им припаднаа 30 или 1,66% советнички мандати. Во вкупниот број на избраните советници доминираат 7 политички партии кои имаат 88,6% од советничките места. (Види, Локални избори '96, 1998, стр. 146).

Доминантното влијание во добивањето на поддршката за советничките листи остварил Социјалдемократскиот сојуз со 26,74%, а потоа е ВМРО-ДПМНЕ со 18,93% од бирачите. Тоа укажува дека на политичкиот пазар сè уште доминираат две позначајни политички групации, а потоа со приближна силина следат три политички партии; ДП, ЛП и ПДП.

Локалните избори беа вистински тест за поддршката на мноштвото политички субјекти и за способноста на бирачкото тело да ја апсорбира понудата на политичкиот пазар. Понудените резултати укажуваат дека политичкото тело се групира околу две стожерни политички групации и определен број воедначени следбеници, што објективно ќе претставува основа за натамошното политичко прегрупирање во Република Македонија.

Третите парламентарни избори се одржаа на 18.X 1998 година. Граѓаните одлучуваа за листа на кандидати за 35 пратенички места и за кандидати за пратеници во 85 изборни единици. Листи на кандидати поднесоа 12 политички партии, четири коалиции и една група избирачи.

Кандидати на мнозинските листи предложија 22 политички партии, десет коалиции и една група избирачи. Тие предложија 614 кандидати, од кои 605 се предложени од политичките партии, а девет од гру-

па избирачи. Во единствениот избирачки список се запишани 1.572.976 бирачи, од кои за пропорционалната листа гласале 1.146.509 или 72,9% избирачи. За мнозинската листа на кандидати од 1.572.976 избирачи, во првиот круг гласале 1.146.335 или 72,9% избирачи, а додека во вториот круг од 1.142.926 избирачи гласале 793.674 или 69,4% избирачи.

*Табела бр. 5 Преглед на резултатите според пропорционалната листа:*

| Партија | Гласале | % | Пратеници |
|---|---|---|---|
| ВМРО-ДПМНЕ | 312.669 | 28,10 | 11 |
| СДСМ | 279.799 | 25,14 | 10 |
| ПДП-ПДПА-НДП | 214.360 | 19,26 | 8 |
| ДА | 119.352 | 10,73 | 4 |
| ЛДП-ДПМ | 77.788 | 6,99 | 2 |
| СПМ и коалиција | 52.284 | 4,70 | - |
| ДПСМ | 14.930 | 1,34 | - |
| ВМРО-ДОМ | 11.577 | 1,04 | - |
| ППМ | 5.970 | 0,54 | - |
| МААК-кп-МА-ДП | 5.596 | 0,50 | - |
| ВМРО-ДП | 3.746 | 0,34 | - |
| ГЛПМ | 3.393 | 0,30 | - |
| Група избирачи | 2.762 | 0,25 | - |
| СКМ | 2.756 | 0,25 | - |
| СХПМ | 2.186 | 0,20 | - |
| КПМ | 2.058 | 0,18 | - |
| РП | 1.528 | 0,14 | - |
| Вкупно | 1.112.754 | 100,00 | 35 |

*(Според Билтенот на Државната изборна коисија "Конечни резултати од Парламентарните избори 98", февруари 1999 година)*

Доколку се погледнат резултатите од третите повеќепартиски избори во Република Македонија, тогаш може да се констатира дека убедлива победа оствари коалицијата ВМРО-ДПМНЕ - ДА, која целокупната изборна кампања ја водеше под мотото „Промени". Определувањето на граѓаните според пропорционалната листа укажуваат дека е тесна разликата меѓу главните политички ривали ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, односно таа е 28,10% со 25,14%, односно разлика од 2,96% во корист на првата.

Изборите од 1998 година се значајни по тоа што тие се најреалниот показател за сегментираноста на политичкото тело во Република

Македонија. Тоа покажува дека тоа се групира околу четири моќни политички структури, ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, ДА и коалицијата на политичките партии на Албанците во Република Македонија. На политичката сцена извесно влијание имаат и уште две коалиции, коалицијата „За подобар живот" на ЛДП-ДПМ која оствари 6,99% поддршка од бирачкото тело и се здоби со 2 пратенички мандати и коалицијата околу Социјалистичката партија која се појавува како политички чадор на еден број мали политички партии која доби поддршка од 4,70% од гласачкото тело, што објективно не беше доволно за пратенички мандат во законодавното тело.

***Табела бр. 6*** *Преглед на добиени гласови според мнозинската листа*

| Партија | Прв круг | Втор круг | Пратеници |
|---|---|---|---|
| ВМРО-ДПМНЕ-ДА | 369.615 | 373.001 | 46 |
| СДСМ | 278.766 | 273.193 | 17 |
| ДП | 132.430 | 18.153 | 10 |
| ЛДП-ДПМ | 161.190 | 34.766 | 2 |
| СПМ | 60.542 | 12.134 | 1 |
| ПДПА-НДП | 53.469 | 28.361 | 8 |
| ДПСМ | 11.398 | - | - |
| Независен | 11.938 | 5.128 | - |
| Други | 39.041 | 34.447 | 1 |
| Вкупно | 1.118.389 | 779.183 | 85 |
| Вкупно пратеници | - | - | 120 |

(Според Билтенот на Државната изборна коисија "Конечни резултати од Парламентарните избори 98", февруари 1999 година)

И по прегледот на мнозинските листи може да се констатира дека новиот изборен модел, според кој во вториот изборен круг се натпреваруваат политичките субјекти кои имаат најголем број на гласови, доведе до распределба на мандатите според која убедлива победа однесе коалицијата „За промени". Ваквиот изборен резултат услови во Република Македонија да се изврши, како што би рекол Линц, мирна смена на власта. Во политичкиот живот на земјата профункционира базичниот консензус. Затоа, со право се констатира дека политичкиот модел,а особено политичката култура ја легитимираа Република Македонија како земја со демократски капацитет,

способна да го почитува изборниот резултат како основа за смена на политичкат власт и дека парламентот е тежишното место на демократијата во кој дејствува силна и респективна опозиција.

5. Ако изборите од 1990 година беа избори на политичката промоција, изборите од 1994 година избори на политичка стабилизација, изборите од 1998 година се избори на политичка профилираност како на главните политички субјекти, така и на персоналните решенија.

Од досегашното излагање можеме да констаираме дека политичките партии во Република Македонија својата моќ ја дефинираа низ подршката на граѓаните. Таа е и основа за располагањето со механизмите на опшетствената моќ. Имено изборниот резултат остварен на изборите е основа за примената на институционалната структура за остварување на, како што забележуваше Вебер, целта кон која тежнее, односно претпоставка за остварување на нејзината програмска проекција.

Македонското плурално живеење, повеќе или помалку ги афирмира принципите на плуралниот амбиент и начин на практикување на власта. Но, на површина се и дејства на политичките партии кои Вебер ги идентификува како примена на различни средства за постигнување на моќта, а особено "голата сила од било кој облик до придобивање на гласовите со груби или суптилни средства". (Ѓуриќ, исто, стр. 357). Тоа особено се манифестира во начинот на практикувањето на кадровската обнова, која како по правило не ја афирмира стручноста, туку партиската идентификација. Таквите процеси објективно се назадување на демократскиот процес и облик на грубо користење на власта.

## Користена литература

1. Đurić,.M., (1987), Sociologija Maksa Vebera, Naprijed, Zagreb,
2. Goati, V., (1991) Jugoslavija na prekretinci, JIN, Beograd ,
3. Goati, V,: (1979) Ideologija i društvena stvarnost; Radnička štampa; Beograd,
4. Габер, Н., Јовевска, А., (1997): Дизајнирање на изборен систем на Република Македонија; Фридрих Еберт, Скопје
5. Габер, Н,. Динева-Сланинка, М., Драговиќ, А., Јакимовски, Ј., Јовевска, А., Христова, Л., Шопар, В., (1998) Локални избори '96/ Институт за социолошки и политичкио-правни истражувања, Скопје

6. Јовевска, А., Изборите фокус на политичкиот живот; (1994). Дијалог бр. 6;
7. Marković, R. (1995): Ustavno pravo i političke institucije, "Služben glasnik", Beograd
8. Милосавлевски, С., (1993); Страв од промени; „Комунист", Скопје
9. Милосавлевски, С., (1993); Источна Европа помеѓу егалитаризмот и демократијата, ИП" Љуботен", Скопје
10. Милосавлевски, С., (1994); Собрание на Република Македонија 1990-1994; „Дијалог", бр. 6
11. Мирчев, Д. (1991): Драмата на плурализацијата, „Комунист", Скопје
12. Мирчев, Д. (1998): Општествени институции; види (зборник) Социологија, редактор Блага Петроска, "Студентски збор", Скопје
13. Мојаноски, Ц., (1996) Социјален и политички профил на политичките партии на Македонија; „Либер", Скопје
14. Мојаноски, Ц., (2000) Летопис на македонската демократија; Пакунг, Скопје
15. Мојаноски, Ц., (2000) Демократијата и политичките партии; Годишник на Факултетот за безбедност, бр.1
16. Устав на Република Македонија (1991), НИП „Магазин 21", Скопје,
17. Шкариќ, С.; (1995) Уставно право, Втора книга, Унион траде, Скопје